08-1437/10
06-04-2023 (2022)

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на првото продолжение од 84-тата седница одржана на ден 31.03.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на __________________________, поднесен по избор на функцијата судија во Основниот суд во ____________________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-3666/1 од 04.10.2021 година.

Предметот со број 08-3666/1 од 04.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-3666/1 од 04.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2021 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________________, поднесен по избор на функцијата судија во Основниот суд во ______________________.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, за имотот на ____________________________ и за имотот на членовите на неговото семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на _____________________,

поднесен по избор на функцијата судија во Основниот суд во ________________________, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч, рак.на одделение
Одобрил: м-р Шемши Сали, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Ивица Николовски**